СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 28 август 1996 година

Скопје, август 1996 година

**ПЕДЕСЕТ И ПРВА ( 51 ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28 АВГУСТ 1994 г.**

<u>Дискутанти :</u>

Дневен ред.стр.18

Т.1-стр.21, Предлог на закон за авторско право.

1. АБДИ ФАИК - 4, 8, 11, 12
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 20, 21
3. КАРОВ ИЛИЈА - 12
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 17
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1,3 ( води седница )
6. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 13
7. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ - 3, 10, 14, 16, 17, 18.
8. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 19
9. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 26.
10. УНКОВСКИ СЛОБОДАН - 22, 24

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 август 1996 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Ратка Куљан - Зографска, Димче Настовски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Санде Џамбазовски, Симон Наумовски, Слободан Најдовски, Томислав Стојановски, Душан Николовски и Борис Костаќев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучувга.

На седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предложи на оваа седница, што требаше да се одржи на 24 јули 199 6 година, да се разгледаат во скратени рокови: Предлогот за донесување на закон за авторското право и сродни права, Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој и за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор, со

Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за помош на индивидуалните земјоделци со Предлог на закон, и Предлогот за донесуваше) на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор, со Предлог на закон.

Комисиската расправа по овие акти е завршена.

Поради ова предлагам предлозите на овие акти да бидат разгледани на денешната седница.

Кој е за предлогот дневниот ред за денешната седница да се дополни со Предлогот на закон за авторското право и сродните права молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржа од гласаше.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

К<ој е за предлогот дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор, со Предлог на закон, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

I/3.-

Кој е за Предлогот дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за помош на индивидуалните земјоделци, со Предлог на закон, молам да крене рака?

Се извинувам, има збор господинот Љубе Трпевски, потпретседател на Владата на Република Македонија.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Јас се извинувам што интервенирам за овој закон. Има некои новонастанати моменти, ние сме во интензивни преговори со Светската банка, а е во врска со болеста што ја зафати нашата земја и има можност за таа намена, но во овој закон, да се зголеми износот и тоа да биде под ИДА-услови, како што се вика, без камата, па затоа молам наместо на оваа седница на првата наредна седница да биде ставен додека не се расчистат овие работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, Владата го повлекува предлогот.

Кој е за предлогот дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал.

I/4.-

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Фаик Абди предлага на оваа седница, по итна постапка да се разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за трговија.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам предлагачот на овој закон да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор господинот Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господин претседател, дами и господа пратеници господа министри, вие добивте од моја страна еден предлог за донесување на закон по итна постапка за дополнување на Законот за трговија со Предлог на закон. Ова е заедничко мислење на Партијата за еманципација на Ромите од Македонија и во насловот не стои дека е и предлог на господинот Амди Бајрам, поради тоа што завчера се врати од Турци; бил на некој саем.

Во смисла на предлогот би сакал да кажам дека четири до пет години јас и господинот Амди Бајрам бевме кај тогашниот министер за стопанство Петруш Стефанов, а тогаш беше повикан и главниот републички инспектор господинот Ангеле и откако разговаравме за одлуката за донесување на еден ваков закон, јас прашав што ќе биде по донесувањето на законот. А господинот Ангеле ми одговори - по осум дена ќе ангажираме 100 инспектори и 500 полицајци и се има да се сруши.

Ги повикавме нашите членови трговци, но нашите соперници во редот на опозицијата ширеа некои лаѓи дека ги викаме да гласаат за нас. И еве законот е донесен, тие што можеа да влезат во некои продавници во одделни градови во Република Македонија, како на пример во

"Шутекс-компани 2", во Куманово, во Безистенот во Битола и колку што знам некаде во Струмица се крпеа некако. Меѓутоа, со намалувањето на куповната моќ на граѓаните колега ги напуштаа тие свои "удобности' бидејќи не можеа ни кириите да ги платат.

Денес по пазариштата во Република Македонија односно во Скопје можат да се видат полицајци со капите во раце и пендреците во десната рака, стрчејќи по граѓаните, кои продаваат многу ситни работи за една најгола егзистенција. Евидентни се случаите кога некои млади момчиња биваат претепани. Замислете од Камениот мост да бега младо момче и да се фрли на плочникот а не во вода. Тоа значи до крајот на својот живот тој останува сакат. Во Неуролошката клиника лежи едно момче чија мајка дојде кај мене да бара помош и ми кажа. дека нејзиното момче веќе заборавило да зборува, и не знае како се јаде а таа го храна. Нема сведоци. Тоа е од тепање, од ќотек. Некни, во неделата еден татко го донесе својот син и пред сите партијци на ПЦЕР му рече да ја соблече кошулата. Целиот беше помодрен од тепање прво од еден полицаец, па после од други тројца. Има многу вакви случаи.

Со усвојувањето на Законот за трговија според кој на пазариштата во Република Македонија се забранува продажба на текстилни и некои други производи се создаде еден голем хаос меѓу ромите, албанците и еден дел од македонците. Добар дел од граѓаните на Република Македонија немаат веќе куповна моќ да купуваат во модерните дуќани, а и беа без работа, како превработеност, стечајци, доцнење на платите по неколку месеци, доцнење на пензиите и уште некои други работи. Дел од граѓаните веќе почнаа да бараат и по контејнерите. Се знае што значи тоа од аспект на големата социјална тензија.

Еден дел од трговците отворија убави продавници, вработија доста луѓе. Меѓу тоа лека полека и тие пропаѓаат. Законот не ги овластил

полицајците да прават се и сешто по пазариштата, ами само инспекцијата и тоа само во случаи кога ќе побараат асистенција од полицијата. Тоа што го прават полицајците се коси со членот 6 од Законот за трговија.

Интересно е, стопанствениците кои го бараа овој закон, бидејќи им пречеше во прометот, сите други ги сметаат за сива економија и дискутабилно е со стапувањето на законот во сила колку го зголемија својот вкупен приход и давачките спрема државата. Се сомневам дека нешто е зголемено. Сивата економија треба да се бара на друго место, која носи десетици и десетици илјади германски марки. Во Париз, според Анчева, постои кварт наречен "Бувља Пијаца", кој не може ни за три до четири часа да се прошета. Но таму има сешто, од сувенири, демодиран] алишта, алишта по супер мода, ретки старини и многу други работи. Просторот е голем и покриен со лесна конструкција а на капијата стои човек кој што наплатува влегување во пазарот. Кој може, се разбира купува во посовремени стоковни куќи и дуќани и нормално со поголема цена. Зарем Република Македонија и Скопје може да се поистоветуваат со една Франција односно со сите светски метрополи. Зарем сакаме нашата полиција да се бави постојано со рации, при што "раката не е терезија" и се доаѓа до убиства. Зарем нашите полицајци се убијци, кои по стореното дело треба да одат во затвор. Зарем нашите полицајци не се фамилијарни луѓе.

Јас го молам претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски, претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Тито Петковски, сите вас господа министри и господа пратеници по итна постапка да го разгледаат и усвоите нашиот предлог закон за дополнување на Законот за трговија, со што претпријатието за

стопанисување со деловен простор на одделни места од двете страни на реката Вардар би нашле простор заедно со Министерството за урбанизам и би изградиле со лесна конструкција такви бувљи пазари, би го асфалтирале просторот, внатре би имало миниум санитарно технички услови и одделни дуќани за ладни пијалаци и храна и така би се спасиле како држава, за која водевме голема битка пред толку години околу нашето признавање и авторитетот на Република Македонија, особено на претседателот на Републиката.

Во моментот сите странски дипломатски мисии знаат за овие случаи и бараат мое мислење но немам што да и кажам. Со нашето влегување во Обединетите Нации и почитување на правилата на Женевската конвенција, конвенцијата во Хаг и во Париз и на крајот почитување на изворните права на луѓето, на човекот, а во нашиот устав се декларираме дека сме и социјална држава, тогаш Министерството за внатрешни работи треба да ги скрати своите акции од овој вид, за што општо познато е дека полицијата треба да го сочува редот и мирот на граѓаните а не и да го нарушува наводно"вршејќи ја својата должност".

Усвојувањето на нашиот предлог на закон ќе значи заштита на сиромаштијата која одвај составува крај со крај а со тоа угледот на Република Македонија ќе биде на повисок степен во Република Македонија, Европа и во светот затоа што со ова што се случи овие денови кај нас цел свет знае и тоа за парче леб од 100 до 200 денари, за отиде човечки живот. Со ова ќе се заштити и полицијата затоа што и за нив е срамно да трчаат и пцујат по луѓето оти се знае која е нивната основна задача. Република Македонија не смее во никој случај да добие епитет на "полициска држава". Се надевам дека зборувам многу трезвено и дека највисокото политичко раководство е изманипулирано со тој документ што ни го испратија, бидејќи бев на објаснување во Радио и Телевизија БТР, што беше договорено со повеќе раководни лица од МВР

и лично со господинот Диме Ѓурев.

Ние како ПЦЕР молчевме долго време и тоа се додека не се појавија своеволно четири до пет сведоци кои беа на лице место ^ и потпишаа изјави дека жената е убиена.

Од министерот бараме овој полицаец веднаш да се затвори и да се даде на суд. Ако тој не знае кој е тој, нека го праша командирот од Зелено пазарче, кој заедно со истиот полицаец после два до три часа отиде заедно во Градска болница. Јас зборувајќи во БТР го прочитав наодот од обдукцијата и му поверував. Но пред тоа на господинот Диме Ѓурев по телефон му кажав - ако се најде некој сведок кој ќе потврди дека се работи за убиство, тогаш било кој да е во прашање ќе оди во затвор. Господинот Диме Ѓурев се согласи со мене.

Во исто време, од страна на опозицијата во Шуто Оризари, некаде околу 2000 граѓани повеќе малолетници, сакаа наводно да дојдат пред Парламентот, меѓутоа, некој ги свртел кон мојата куќа. Јас имам таква ограда што лесно не се влегува внатре, а и тие фрлаа со камења, се служеа со големи навреди ,пцуење и тн. Се најдоа неколку соседи кои помогнаа и во овој случај и преку пенџере им покажаа дека Фаик Абди не е дома туку во БТР. Откако разбрав за ситуацијата, се појавив на екранот, кажувајќи им нека ме чекаат мене дома и нормално во меѓувреме разбраа и моите пријатели и роднини и партијци и околу 75 лица дојдоа дома. Полицијата кружеше околу мојата куќа и малку подалеку....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам, господине Фаик Абди, се извинувам што Ве прекинувам ве молам за Законот ако сакате.

**ФАИК АБДИ:**

Да, за законот објаснувам. Но прашање е, зошто кога мојата сопруга се јавила во Полиција Бутел,во Собранието на Република

Македонија;и во МВР ниту еден полицаец не дојде во нејзина одбрана. На нејзе и влезе страв во душата и таа се уште не е сигурна и безбедна

Во времето на мојот прв мандат сум примил, заедно со мојата партиска делегација, 89 делегати и делегации и јас знам што сум зборувал. Секогаш имаше толкувач од Владата на Република Македонија. И за тоа ли сум се ангажирал? Јас знам за што сум се ангажирал.

Затоа, молам Парламентот да го прифати законот што го предлагаме, а луѓето кои се постари или новосоздадени стопанственици нема да изгубат ништо од тоа и државата нема да изгуби ништо. Се знае што е сива економија меѓутоа кај овие голтаци нема сива економија. Тие се борат за еден гол живот, за парче леб, а веројатно ќе дојде време кога ќе користиме и други кредити, кога ќе работат нашите капацитети ќе ги вратиме работниците во фабрики и тогаш сигурно нашиот живот ќе биде подобар и поудобен. Дотогаш ќе мораме да им помогнеме на овие луѓе. Не смееме да се црвенееме пред светот. Се надевам дека ќе бидеме пофлексибилни и ќе дојде денот кога ќе ги вратиме нашите купувачи и нашиот живот лека, полека ќе добие еден нормален тек.

Од сето ова кажано бараме:

1. Оние луѓе полицајци кои не можат да се вклопат во современите плуралистички демократски и пред се човечки односи, министерот и неговите помошници треба веднаш да ги сменат од работа.

2. Тие луѓе кои веќе се огрешија и ако додека се живи во срцето ќе носат црна дамка, министерот на МВР веднаш да даде налог за апсење на таквите лица односно лице и истиот да одговара пред суд, па нека види што значи затвор.

3. Од вас драги пратеници бараме да не разберете и да кренете рака за градба со лесна конструкција на такви пазари, каде што луѓето нема да се плашат да продаваат дури неколку гризанки.

Заради тоа е мртва жената, гризанќи продавала, за да вади парче леб за своите деца. Со отворањето на вакви пазари верувам дека состојбите многу ќе се изменат а државата постарите и новосоздадените стопанственици нема да изгубат многу од својот промет, бидејќи сивата економија се одвива на некое друго место и на некој начин можеби е заштитена.

Потпис - пратеници Фаик Абди и Амди Бајрам.

Ви благодарам што ме слушавте и се надевам дека овој закон ќе придонесе за еден поголем мир на сиромаштијата во Република Македонија и ќе придонесе за да можат и тие сиромашни луѓе да вадат парче леб, една гола егзистенција за своите деца и за себе си и се надевам дека сите вие пратеници што сте овде имате во Вашите изборни единици такви луѓе кои креваат рака и ги даваат гласовите за вас. Според тоа јас ве молам и во нивно име ова да го сторите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор господинот Љубе Трпески.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Јас имам потполно разбирање за ситуацијата во која се наоѓа пратеникот Фаик Абди и побудите кои го натерале да предложи ва закон, меѓутоа тој е даден вчера, така што објективно немаше никакви можности Владата да го разгледа и да заземе свое мислење. Затоа предлагам на оваа седница да не се расправа по овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, предлагачот господинот Фаик Абди да се произнесе.

**ФАИК АБДИ:**

Овој случај за кој што говорев се случи на 9 август 199 6 година. Од тогаш помина доста време. Веднаш пишуваше и печатот Ние не се јавувавме никаде освен во Министерството за внатрешни работи и кај некои одговорни луѓе. Баравме прием кај премиерот - добро човекот беше зафатен, господинот Киро Глигоров исто така беше зафати со овие културни манифестации што се случуваат во Република Македонија. Меѓутоа, мислам дека ова е многу итна работа што треба да се разгледа, не Владата тоа да го разгледа, туку на здрав разум сите пратеници овде тоа треба да го прифатат, заради тоа што оваа рација и овие недела можат да земат многу поголем замав од денешниот ден па понатаму. Ако чекаме седница на Владата, сигурно ќе има седница на Владата, а седница на Собранието ќе има дури на 4 септември. Ќе помине доста време, јас молам да се стави крај на оваа работа. Ние можевме да ја информираме цела јавност.

**ФАИК АБДИ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Можеме да информираме и цел дипломатски кор и УНПРЕДЕП и ОБСЕ и не знам кој, меѓутоа чекаме што ќе направи Собранието, што ќе направите вие, господа Пратеници. Мислам дека се обраќам до пратениците иако господинот потпретседател Трпевски вели вака: "Ако пратениците дигнат рака, јас мислам дека ќе биде во ред".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Фаик Абди овој закон да се разгледа по итна постапка, да крене рака.

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека не е усвоен предлогот на пратеникот Фаик Абди.

Пратеникот Илија Каров побара Владата на РМ да изготви информација за загрозеноста на шумите од болести и штетници во РМ.

Владата на РМ ја достави Информацијата која ви е поделена

Кој е за предлогот на пратеникот Илија Каров, оваа информација да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака.

Се извинувам, има збор господин Каров

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Информацијата ви е поделена и предлагам да на оваа седница не се разгледува затоа што истата информација беше разгледана на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги дава и укажува на сите елементи и со здравствената состојба на шумите, така да во една блиска иднина мислам дека Министерството ќе преземе соодветни мерки за заштита на шумите.

Од овие причини предлагам на оваа седница истата информација да не биде разгледувана.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Пратеникот Бранко Арсовски побара Владата на РМ да подготви информација за изучуваше на странски јазици во РМ.

Владата на Република Македонија ја достави информацијата која ви е поделена.

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека Владата даде комплетно информација за изучување на странските јазици. Мислам дека нема потреба да ја разгледуваме на седницата. Доволно сме информирани само преку информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Руфи Османи побара Владата на РМ да подготви информација за критериумите врз кои се одредувале и назначувале стечајни управници во РМ во периодот 1994-1995 и 1996 година.

Претставникот на Владата, господин Владо Поповски, из- вести дека Владата ќе ја достави информацијата за оваа седница. До денес Владата не доставила ваква информација.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ако е факт дека Владата не доставила, побарани се податоците од надлежните органи. До сега не е собрана документацијата

II/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Кој е за предлогот на пратеникот Руфи Османи, оваа информација да биде разгледана денешнава седница, молам да крене рака.

Ниту еден. Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за запишување на учениците во средните училишта во Битола за учебната 1996/97 година и таа да биде разгледана на денешнава седница.

Во меѓувреме пратеникот Слободан Најдовски не извести дека го повлекува барањето.

Пратеникот Хисен Рамадани побара Владата на РМ за оваа седница да достави информација за извршените работи особено завршните објекти во функционирањето на автопатот Тетово - Гостивар.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Како што сум известен информацијата е изготвена и во текот на денешниот ден ќе биде доставена до надлежните тела. На вас е да одлучите дали ќе се расправа на седница на Собрание или ќе заврши на ниво на надлежните тела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Хисен Рамадани да крене рака.

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Хисен Рамадани, Џеладин Мурати и Сали Рамадани

поднесоа барање Владата да изготви информација за труењето на учениците од средното медицинско училиште "Никола Штејн" од Тетово во хотелот "Галеб" во Струга и таа да биде разгледана на седницата на Собранието.

Владата на РМ ја достави информацијата која ви е поделена.

Кој е за предлогот информацијата да биде разгледана на денешнава седница, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Назми Маљичи побара Владата на РМ да достави информација за бројот на граѓаните на РМ на кои не им се дозволува влез во РМ.

Министерот за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски на 50-та седница на Собранието не извести дека Владата ќе ја дос- тави информацијата за оваа седница. До денес Владата не достави ваква информација.

Кој е за предлогот информацијата да биде разгледана на денешнава седница, молам да крене рака.

(Реакција на дел од пратениците во салата).

Ве молам, денешна седница е, ние расправаме за дневниот ред. Доколку се уврсти, Владата треба да изготви информација.

Наша деловничка обврска е да гласаме, ве молам.

Кој е за предлогот да крене рака.

Нема ниту еден глас. Така. Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на РМ да достави информација за мерките и активностите кои ги преземаат ресорните министерства за обезбедување на личната и материјалната

сигурност на граѓаните во општина Тетово по милитантните настани од 22 јули 1996 година, а по повод одржувањето на казна затвор на повеќе осудени лица од албанска националност,Фадил Сулејмани, Миљаим Фејзи, Арбен Руси, Невзат Халили и Мусли Халини.

Барањето е доставено до Владата на РМ и до денес Влада- та не достави информација.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

На седница на Влада се уште нема ваква информација, пристигната од ресорните министерства, но јас сакам да ја искористам оваа прилика да укажам, вчера цел ден потрошивме за пратенички прашања, тоа е институт затоа што треба со должно внимание и вие како пратеници и ние како Влада да се однесуваме. Дел од овие информации кои досега ги разгледувавме можат да бидат и во форма на пратенички прашања. Во спротивно, Владата се претвора во Извршен совет, а Владата не е извршен совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Томислав Стојановски, молам да крене рака.

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Аце Коцевски побара Владата на РМ да достави информација за преземените превентивни и казнени мерки од страна на надлежните органи на Владата и правосудните органи спрема прекршителите на законските одредби за употреба на знамето и химната на РМ и незаконската употреба на знамето и химната на други држави.

Барањето е доставено до Владата на РМ.

До денес Владата не достави информација.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Ова е типично пратеничко прашаше и пратеникот можеше вчера да го постави кога беа сите министри тука. Тоа можам само да кажам.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, вчера ни се случи госпоѓата министерка за образование да на еден недоличен начин на министер во Влада да се однесува овде, од парламентарната говорница. Денес имаме пак, ете прилика, еден почитуван министер од Владата да ни кажува на пратениците што е пратеничко прашање, а што е барање за информација. Од сега натаму ги молам министрите да не си земаат права што не им се дадени ни со Уставот ни со било кој закон, ниту со Деловникот на Собранието на РМ. Ние како пратеници сами одлучуваме за тоа што ќе го формулираме како пратеничко прашање, а што како предмет ќе побараме да биде доставено во вид на информација од Владата на РМ и за тоа сносиме одговорност пред Парламентот, пред граѓаните кои не бирале и пред сите граѓани на РМ. И, ве молам од сега натаму да не ни кажувате, да не ни држите лекции што е за пратеничко прашање, што е за информација. Ваше е да кажете дали ќе ја изготвите или нема да ја изготвите. Пратеници- те да изгласаат дали ќе го прифатат тоа или не.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Аце Коцевски, да крене рака.

11 пратеници гласа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на РМ да достави информација за откупот, пласманот, а особено извозот на земјоделските производи од РМ. Барањето е доставено до Владата на РМ, но до денес Владата не достави ваква информација.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе. Господин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Сезоната се уште е во тек, ако Владата оцени дека има потреба да излезе со информација пред Парламентот ќе ви достави оној пат кога ќе оцени дека е потребно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Томислав Стојановски, молам да крене рака.

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за авторско право и сродни права

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој, за реализација на проектот, за транзиција на здравствениот сектор, со предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за државна ревизија;

7. Предлог за донесување на закон за ревизија;

И. Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите;

9. Предлог аз донесување на закон за Град Скопје.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувана господо, јас би замолил последната точка од дневниот ред, која се однесува на законот за Градот Скопје да биде прва точка од дневниот ред, како би може- ле да тој дел, тој закон, тој Предлог на закон го донесеме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа можеме да гласаме откако ќе го утврдиме дневниот ред.

Во врска со ова дали некој бара збор? (Не).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

66 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на господин Станковски, прва точка од дневниот ред да биде Предлогот на законот за Град Скопје.

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (12 пратеници гласаа за).

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Господин Даневски процедурално.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Би ве потсетил на она што се случи на вчерашната седница. Беше поставено пратеничко прашање од оваа говорница кое го поддржа и самиот министер за внатрешни работи, за злоупотребата на дрогата, беше изготвена една информација. Она што се случи на вчерашната седница, мислам дека е невидено кршење на правилата на играта во парламентаризмот, да министерка обвинува пратеник, не знам дали е тоа со Уставот или треба да се бара толкување на Уставот околу имунитетот на патентниот и министерот, бидејќи оние инсинуации што беа искажани од говорницата, јас ќе побарам во една законска регулатива, пријава, (реакција на дел од пратениците во салата) дозволете, дозволете...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, ве молам, ова не е деловничка интервенција. Вие мо- же да барате интерпелација за работата на министерот и се што ви стои на располагање, но не е деловничка интервенција.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Да господине претседателе, вие треба да ја водите седницата, но вие за жал правите многу гафови (реакција на пратениците во салата).

II/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде вие не правете гафови, напуштете ја говорницата, ве молам. Ајде. Не е ова деловничка интервенција. Ова што го говорите не е деловничка интервенција. Ајде ве молам. Ако имате во врска со дневниот ред нешто, повелете. Ако не напуштете ја говорницата и седнете.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Вие како прв меѓу еднаквите, претседавач, т.е. претседател на Собрание требаше да и кажете на госпоѓата министерка (реакција на пратениците во салата)...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па, знаете, јас ако ви укажувам вас на секоја седница, на секој ваш настап, треба постојано да ви укажувам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За тоа сте платени да укажувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па, ве молам, не сум јас воспитувач овде, јас само претседавам, ги водам седниците.

Повелете ако имате нешто деловнички, кажете, ако не, седнете си.

(Пратеникот Слободан Даневски седнува на своето место).

**Точка 1**: Предлог на закон за авторско право и сродни права.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

II/11.-

Има збор господин Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Почитуван господинте претседателе, почитувани пратеници, законот за авторско право и за сродните права што денес го предлагаме за усвојуваше на нашево Собрание е еден од оние закони со кои се зајакнува нашата позиција во цивилизираниот свет и ја покажува решеноста за сериозна грижа што РМ и надлежните институции ќе ја имаат во иднина во однос на почитувањето на меѓународните норми во оваа област.

Со предложениот текст се регулираат правата и обврските на повеќе страни врзани со заштитата и користењето на авторските права и сродните права. Казнените одредби се во овој закон и во Кривичниот законик зависно од тежината и сериозноста на прекршувањата или злоупотребата. И за прв пат имаме казнена поддршка во оваа област, што се надевам ќе регулира понатаму односи.

Законот за авторско право и сродните права се темели на следниве меѓународни конвенции, што сакам да ги наведам за да биде појасно, Берлинската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела, Светската или универзална конвенција за авторското право, Конвенцијата за дистрибуција на сигнали за пренос на програми преку сателити, Меѓународната конвенција за заштита на уметниците произведувачи на фонограми и радио-телевизиски организации таканаречена Римска конвенција, Конвенцијата за заштита на произведувачите на фонограми од недозволена репродукција на нивните фонограми фонограмска конвенција. Законот исто така е ускладен со документите во завршна фаза на подготовка на разни институции како на пример извршниот документ на "Вајпо", тоа е орган на Светската организација за заштита за дополнување на Римската конвенција и протокол кон Берлинската конвенција, исто така документ на "Вајпо".

II/12.-

Применети се и повеќе директиви на Европската економска заедница, односно Европската Унија кои се однесуваат на правната заштита на компјутерски програми, на правото на изнајмување, позајмување и за определени права сродни на авторските, правата сврзани со сателитско радио - дифузно емитување и кадровско реемитување.

**СЛОБОДАН УМКОВСКИ:** (Продолжение)

Како и со Директивата за усогласуваше на времетраењето на заштита на авторското право и на определените сродни права. Законот за авторството и сродните права, следат и повеќе препораки на Советот на Европа кои се однесуваат на авторско - правните прашања во областа на сателит- ската и кабловската телевизија, звучно и аудио - визуелното репродуцирање, ја следат Препораката за мерките против пиратството во областа на авторството и сродните права и прашањата врзани со ретрографијата и правната заштита на кодираните телевизиски емисии. Вградени се и елементи од Посебниот договор кој што ја третира интелектуалната сопственост, трговските аспекти, вклучувајќи ја и трговијата со фалсификувана стока од Општата спогодба за царина и трговија.

Решенијата во Законот за авторството и сродните права се во согласност со законите и основните принципи на правното регулирање на оваа област, прифатени од државите на Европската заедница во нивните прописи.

Би сакал да кажам неколку збора за тоа кои се целите што треба да се постигнат со предложениот закон. Да се воведат и да се регулираат некои нови авторски и сродни права што ќе бидат усогласени со Меѓународните конвенции и со директивите на Европската унија и да се соодветни на законодавството на повеќе, се, европски држави. Од остварување заштита на авторското право и сродните права да се усогласи со новиот општествено политички и економски систем во Република Македонија. Да се отстрани непотполното и некаде нејасното дефинирање на авторското право и сродните права; да се обезбеди заштита на носечкиот творечки дел од општеството, да се утврди правната основа за ефикасно остварување и заштита на авторското право и сродните права.

III/2.-

На авторите и на носителите на сродните права им се гарантираат соодветни приходи од авторството и од вршењето други дејности што произлегуваат од авторското право односно од сродните права. Да се елиминираат исклучоци односно дискриминација по било кој основ. Да се поттикне и развие, научното, културното, уметничкото и друго творештво, како и дејностите што произлегуваат од остварувањето на авторското право и сродните права.

Предложениот закон исто така има за цел да ги регулира односите на авторското право и сродните права согласно новите тенденции во Европа , но и во Светот, исто така.

Сметаме дека творештвото не би смеело да биде предмет на паушална оценка и третман истиот деклариран со предложениот закон а особено со построгата заштита ќе придонесе кон промена на менталитетот како на самите автори и на носителите на сродните права, така на нивните корисници, но на општествената заедница во целина. Од ова ќе произлезе обврската на корисниците на делата,на пример, видеотеки те, ТВ-теките и другите слични форми, поради некои нови права, изнајмување и сродни права и тн. по оптоварени со плаќање на правата. Со таквата обврска, исто така, ќе бидат поооптоварени и корисниците на предметите на сродните права, посебно радио ТВ организации, поради новите сродни права, правата на фонограмските продуценти, радиотелевизиски организации.

Со предложениот закон постојните здруженија на автори за колективно остварување на авторските права ќе мораат да ја приспособат својата досегашна организација и работата согласно новите одредби, да донесат статут и други акти и да покренат постапки за добивање на соодветни дозволи, воедно можат со здруженијата на корисници на авторски права да ги утврдат општите услови за користење

на авторските права и да склучуваат договори. За кршење на правата, посебно за пиратството, нелегално репродуцирање и препродавање на нелегални репродукции, ќе бидат предвидени и построги санкции, за што освен кривичните дела и прекршоци се предлагаат и граѓански и управни мерки. Како што знаете во кривичниот законик веќе се усвоени цела низа на мерки во тој поглед.

Да кажам уште само два збора дека законот е правен во широка консултација со здруженија, асоцијации и одредени други сегменти во еден релативно краток период од септември минатата година и по усвојување на законот ќе биде потребно да се направат уште додатни активности со одредени семинари и одлучување почнувајќи од Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи, царинскиот систем и други асоцијации , како и судскиот систем, кои ќе помогнат и кои ќе треба да се прилагодат и да се запознаат со елементите на овој закон.

Би сакал овде да предложам Собранието да го прифати законот и да ни помогне пред меѓународните асоцијации и пред меѓународните контроли да се прикажеме како дел од цивилизирана Европа и земја која ги почитува авторските права и која што ги регулира на еден адекватен начин. Предложениот текст, навистина е на еден висок стандард, ги инкорпорира сите светски искуства и во таа смисла се надевам на ваша соработка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

III/4.-

Закон за авторски права и сродните права, претставува еден битен закон за нашата држава од аспект што после три години откако го донесовме Законот за сопственичките права на сопственост ред беше да дојде еден ваков закон пред Собранието, за да се заокружи проблематиката на авторските права, патентирањата, индустриските пронајдоци, жиговите и тн.

Од друга страна, со потпишувањето на Декларацијата од 20.о7.1993 година Република Македонија е во обврска и е обврзана во согласност со Конвенцијата за основање на организација за интелектуална сопственост да ги спроведе препораките на оваа Конвенција, практично да го заокружи проблемот на иновацијата и на авторските права во нашата држава. Впрочем, и авторските права и правата на патентираните права, индустриски, претставуваат едно големо богатство за една држава, со други зборови интелектуалната моќ на една држава и богатство се цени токму преку бројот на пријавените права, авторски права, патентирани права, жигови и тн. Што значи дека интелектуалната сопственост и богатството на една земја се цени токму преку пријавените од- носно бројот на пријавените права.

Во случајов Владата на Република Македонија преку своето министерство за култура предлага еден класичен систем на организација на решавање на овие права. Имено, не ги почитува оние препораки што ги дава и Меѓународната конвенција и Светската организација за интелектуална сопственост, односно ни нуди едно решение кое претставува класика, од аспект на организацијата за решавањето ан ваквите права во една држава.

Имено, Светската организација за заштита на интелектуалните права, ВАЈПОК е дел од Обединетите нации, нејзина асоцијација даде

препораки до сите држави кои што се во транзиција, организациски поинаку да ги решаваат проблемите од аспектот на овие права и препорака е на оваа Светска организација, во секоја земја, посебно во земјите на транзиција да постои една единствена институција за заштита на интелектуалните права, во која една единствена институција се бидат инкорпорирани правата и на авторите односно авторските права и сродните права и правата на индустриската сопственост од аспект на патентирани, заштитни права на технички решенија, односно технички жигови. Во овој случај Владата ни нуди решение каде што организациски на едно место ги сместува авторските права и сродните права во Министерството за култура, а на друго место ги сместува во Министерството за развој правата на индустриската сопственост од аспект на техничките патентирања и на жиговите.

Ваквата организациска поставеност претставува една класика која одамна е надмината во светските решенија и преставува една класика од аспект на поставеност и заштита на тие права, за тоа што ќе имаме случај, секој автор кој сака да заштити некое свое авторско право ќе мора да шета од едно до друго министерство, да ги бара своите права и да ги отвара тие врати со цел да најде некакво решение за да може да ги добие тие свои права.

Во случајов најадекватно решение ќе беше да се формира еден завод за заштита на интелектуалната сопственост кој ќе ги инкорпорира или ќе ги содржи и двете битни права, авторските права и сродните права заедно со правата на индустриската сопственост. Такви решенија се познати во светот и морам да кажам дека дури и земјите во транзиција и оние од поранешна Југославија како СР Југославија и Словенија, веќе поминале на ваков вид организација, а да не зборувам  за Швајцарија,

Канада и др. што значи дека Владата односно Министерството за култура ни нуди една класична организациска поставеност која што мислам и економски и организациски нема да биде адекватно решение на поставената задача со овој закон. Мислам дека најцелисходно решение ќе беше, во рамките на Заводот за индустриска сопственост, тој Завод да прерасне во Завод за заштита на интелектуалната сопственост каде ќе се инкорпорираат и правата на авторите, односно и сродните права. Во овој случај би рекол, со едно мало административно зголемување на неколку запослени луѓе ќе можеше овој Завод да одговори комплетно на задачата што е поставена од овој аспект. Ќе можеше секој автор кој сака да заштити свое право во една единствена институција да ги решава тие права, да го патентира својот изум, да го оствари своето авторско право и своите сродни права кои му следат од аспект на неговата заштита. Ваквата институција како Завод аза заштита на интелектуалната сопственост би била независна институција, значи нема да припаѓа под ниедно министерство, туку би била под Владата на РМ. И мислам како таква независна институција многу поадекватно и пооправдано економски ќе одговореше на поставените цели.

Ова што сега го нуди Владата преку Министерството за кул- тура сметам дека е надминато решение и сигурно во еден краток период ќе биде неминовно да се помине на едно посовремено решение кое веќе егзистира со повеќе европски земји да повторам, препорака е и на Светската организација за заштита на интелектуалните права, да се организира токму на ваков начин, и не случајно кој бил во Женева знае и видел дека таму е најубавата зграда во која е сместена оваа Светска организација која што комуницира со сите заводи за заштита на интелектуалната сопственост во земјите во развој, аи во сите земји во Европа

Токму затоа и ги дадов и тие амандмани кои следат по овој текст и сметам дека една ваква дискусија, едно вакво согледување треба да се земе предвид.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не дава збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 42 став 3 , член 46 став 2, член 34, член 42, член 142, член 143 став 1 глава 7 оддел 4, член1 167 став 7 алинеја 3, член 171 став 1 и на член 184 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани за менување на член 8, член 21 став 1, член 25, член 26 став 1 и на член 34 став

2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 143,член 144, 145,146,147,155,180 и на член 170 по кои Владата не се произнела.

Давам пауза до 14,30 часот.